Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 год.), а во врска со член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 14.8. 2023 година, донесе:

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Во Програмата за финансирање на финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 2/23 година), во поднасловот 4. „Финансирање“ (табеларен приказ), се вршат следниве измени и дополнувања:

- во табелата, по реден број 35 се додава реден број 36.

Во колоната „Преглагач на проектот“ се внесуваат зборовите „*КРАФТ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ* Скопје“, во колоната „Име на програмската активност“ се внесуваат зборовите „Фестивал на храна и пијалоци *TASTE THE SOUTH GEVGELIJA“*, а во колоната „Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија“ се внесува сумата 1.300.000,00 денари.

Согласно измените, редниот број 36 се менува во реден број 37, а редниот број 37 се менува во реден број 38.

- во колоната „вкупно“ износот 3.600.000,00 денари се менува и гласи 4.900.000,00 денари.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-1299/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
***Патрик Матх***
с.р.